КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА
АД СКОПЈЕ
Бр. 02-190-9/1
03.04. 2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 25 од Законот за хартии од вредност, член 48 од Статутот на Комерцијална банка АД Скопје и во согласност со член 76 од Законот за банките, Собранието на Банката, на седницата одржана на 03.04.2025 година, донесе:

# ОДЛУКА
## за продажба – отуѓување на сопствени акции по пат на јавна понуда, стекнати врз основа на судско решение

### Член 1

Во согласност со Предлог-планот за дополнителна распределба на доверители со утврдени побарувања во стечајната постапка СТ бр. 38/24, која се води пред основниот суд Струмица против должникот АДМС ДИЈОС ДОО МАРКЕТИНГ Струмица во стечај, Комерцијална банка АД Скопје ќе се стекне со 558 обични акции издадени од Комерцијална банка АД Скопје, со номинална вредност од 1.000,00 денари по акција.

По донесување на решение за распределување на акциите во сопственост на Комерцијална банка АД Скопје и по уписот на трансакцијата во Централниот депозитар за хартии од вредност, Комерцијална банка АД Скопје ќе се стекне со 0,02 % сопствени акции од вкупно издадените акции на Банката (2.279.067 обични акции).

### Член 2

Во согласност со член 76, став 2 од Законот за банките, стекнатите сопствени акции врз основа на правосилна судска одлука, мора да се отуѓат во рок од една година од денот на нивното стекнување.

### Член 3

Податоци за издавачот:

1. Фирма и седиште: Комерцијална банка АД Скопје, ул. „Васил Иљоски“ бр.3, 1000 Скопје;
2. Предмет на регулирање: продажба/отуѓување сопствени акции;
3. Начин на отуѓување: по пат на јавна понуда;
4. Начин на плаќање: исклучиво во пари;
5. Рок на реализација на продажбата/отуѓување сопствени акции по пат на јавна понуда: 30 дена од денот на започнувањето на продажбата/отуѓување;
6. Целта на отуѓувањето: усогласување со законската регулатива (член 76, став 1 и 2 од Законот за банки);
7. Број, род и класа на сопствените акции: 558 (петстотини педесет и осум) обични акции;
8. Номинална вредност на сопствените акции: 1.000,00 денари по акција;
9. Продажната цена на сопствените акции – предмет на јавна понуда од членот 1 на оваа одлука, ќе се определи согласно со Анекс 3 од Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје;
10. Рок на започнување на јавната понуда: најдоцна во рок од 30 календарски дена од денот на приемот на одобрението за продажба/отуѓување на сопствените акции од страна на Комисијата за хартии од вредност.

**Член 4**

Обичните акции се акции со право на глас и секој акционер кој поседува една акција се стекнува со право на еден глас за секоја акција што ја има, како и право на исплата на дел од остатокот од ликвидационата, односно стечајната маса на Банката.

Дивидендата се исплатува еднаш годишно од остварената добивка на Банката во пари или во акции, врз основа на Одлука на Собранието на Банката, со која се регулира начинот на исплата и висината на дивидендата.

На сопствениците на обичните акции, дивиденда нема да се исплаќа за оние деловни години во кои Банката нема да оствари добивка.

Висината на дивидендата на обичните акции се утврдува во проценти од номиналната вредност на обичната акција.

**Член 5**

Продажбата/отуѓувањето ќе се изврши по пат на јавна понуда во согласност со Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје, Анекс 3.

Поканата за продажба/отуѓување на хартиите од вредност ќе биде објавена на македонски јазик и неговото кирилично писмо во еден од дневните весници што излегуваат на територијата на Република Северна Македонија.

Рокот за реализација на продажбата/отуѓувањето на сопствените акции по пат на јавната понуда изнесува 30 календарски дена од денот на започнување на продажбата/отуѓување. Како почетен ден се смета денот откога започнува продажбата/отуѓувањето, а кој во согласност со оваа одлука ќе биде определен во поканата за продажба/отуѓување на акциите и Проспектот за јавна понуда за продажба/отуѓување на сопствените акции.

Постапката за продажба/отуѓување на понудените акции ќе се врши преку Македонската берза на хартии од вредност, а ќе се спроведува преку овластените учесници на пазарот на хартии од вредност – членки на Македонската берза, во согласност со законската и подзаконската регулатива и Правилата на Македонската берза и Централниот депозитар за хартии од вредност.

Продажба/отуѓување на сопствените акции ќе се врши по Моделот на одредување на минимална цена со давање приоритет на налози со повисока цена, помала количина и порано време на внес на налог - При моделот на минимална цена со давање приоритет на налози со повисока цена, помала количина и порано време на внес на налог – БЕСТ системот ги подредува внесените куповни налози од страна на членките на Берзата на тој начин што приоритет добива налогот кој има повисока цена, при еднаква цена приоритет добива налогот со помала количина, а при еднаква цена и количина приоритет добива налогот со порано време на внес.

При запишувањето секој купувач треба да пополни уписница, која се дава истовремено со давање на налог за купување хартии од вредност од јавната понуда кај овластен учесник на пазарот на хартии од вредност - членка на овластената берза и овластениот депозитар и истата има правна важност од моментот на реализација на налогот на купување.

За време на запишувањето, сите уплати од купувачите за понудените хартии од вредност ќе се чуваат на посебна, за таа цел отворена, банкарска сметка, која нема да биде користена од страна на издавачот сè додека јавната понуда не биде успешно завршена.

**Член 6**

Продажбата/отуѓувањето на сопствени акции преку јавна понуда се смета за успешно завршена ако во рокот наведен во точка 5 член 3 од оваа одлука најмалку 60 % од понудените сопствени акции во Проспектот се продадени/отуѓени.

Доколку пред истекот на рокот за продажба/отуѓување на акциите, се продадат и уплатат 100 % од понудените акции. Банката ќе ја прекине постапката и преку соопштение за успешно реализирана јавна понуда ќе ја извести Комисијата за хартии од вредност и јавноста.

Доколку јавната понуда не се реализира во согласност со став 1 од овој член, истата се смета за неуспешна, а сите претходно реализирани продажби на акции се поништуваат и сите примени уплати за акциите се враќаат на инвеститорите, зголемени за депозитна камата во согласност со член 2 став 1, точка 12 од Законот за хартии од вредност, најдоцна во рок од седум календарски дена од денот на објавувањето на неуспешната понуда.

Продажбата/отуѓувањето на сопствените акции на Банката ќе се објави преку Проспект и Покана за јавна понуда за продажба/отуѓување на сопствените акции, во согласност со законската и подзаконската регулатива, Статутот на Банката и Правилата на Македонската берза за хартии од вредност и Централниот депозитар за хартии од вредност.

**Член 7**

Сопствениците на акциите од јавната понуда ги стекнуваат сите права од акциите во согласност со законските прописи и Статутот на Банката, со денот на уписот во Книгата на акционери на Банката во Централниот депозитар за хартии од вредност.

**Член 8**

Располагањето со акциите се врши на начин утврден со законските и со подзаконските прописи.

**Член 9**

Собранието на Банката го овластува Управниот одбор на Банката:

- да ја спроведе оваа одлука и да донесе Одлука за назначување на лице овластено во име на Банката да ги презема и врши потребните активности околу продажбата/отуѓувањето на сопствените акции;

- да ја определи продажната цена на сопствените акции во согласност со Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје, Анекс 3;

- да изврши измена на оваа одлука во однос на бројот на акциите, соодветно на решението кое ќе биде донесено од Основниот суд Струмица, а со кое дефинитивно ќе се утврди бројот на акции кои ќе бидат распределени на Банката.

Истовремено, се овластува Управниот одбор на Банката, по евентуално барање на Комисијата за хартии од вредност/Македонска берза, да врши соодветни измени на оваа одлука.

**Член 10**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ПРЕТСЕДАВАЧ СО СОБРАНИЕТО**
**Илија Гечев**